**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuer<br>Примено<br>Received | 24.02.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org.<br>Орг.Един.<br>Org.unit | Numer<br>Број<br>No. | Shtojcë<br>Прилог<br>Attachment | Vlëra<br>Вредност<br>Value |
| 03 | 516/1 | 0 | |

Број: 08- 747/7

12. 02. 2025

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21 и 58/24), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 21 седница одржана на 22.01.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за акредитација на студиската програма „Криминалистика и безбедност", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Правен факултет при Универзитет на Југоисточна Европа Тетово**

1.Се акредитира студиската програма „Криминалистика и безбедност", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Правен факултет при Универзитет на Југоисточна Европа Тетово, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2.Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2025/2026 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и со стручен назив: Магистер по криминалистика и безбедност /во меѓународен промет, стручен, назив: Master of Criminalistics and Security.

Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки; Научно – истражувачко поле: 5,09 Други општествени науки, научно потполе 5.09.02 Безбедност , Научно – истражувачка област: 5.09.02.01 Криминалистички науки, 5.09.02.02 Полициски науки, 5.09.02.03 Безбедносни науки, 5.09.02.04 Криминологија.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 30 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

По предходно донесената Одлука бр. 08-1643/5 од 29.08.2024 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Криминалистика и безбедност", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Правен факултет при Универзитет на Југоисточна Европа Тетово, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.03-2777/1 од 13.09.2024 година (наш бр. 08 - 747/1 од 03.10.2024 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 14-та седницата одржана на 14.10.2024 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 – 747/6 од 29.01.2025 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 21-та седница одржана на 22.01.2025 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски

[1] 03-516/1 [2025]